Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-301/1
22.06 2023 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВЕЊЕ ВО ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ**

Со одлука бр.02-289/1 донесена на 18 седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден 15.06.2023 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 503-Економски науки, во областа на Маркетинг на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје.

Јавниот конкурсот за избор на наставник во сите наставни звања од полето 503 во областа на Маркетинг беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 07.06.2023 година, и во предвидениот рок се пријави д-р Бранка Денкова Поповска.

Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование( Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ ,,Факултет за бизнис економија " Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Маркетинг и врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Биографија на кандидатот**

Бранка Денкова Поповска е родена на 10.06.1987 година во Скопје. Таа се стекнала со средно образование во Обединетиот Свестки колеџ Ли По Чун во Хонг Конг со стипендија од Министерството за образование и наука за талентирани студенти, а во 2010 дипломирала на Универзитетот Westminster College на насока меѓународен бизнис, како резултат на Shelby Davis стипендија за талентирани студенти на Американски колеџи и Универзитети, со просечен успех 9,04.

Го продолжува своето образование на втор циклус студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде се стекнала со звање магистер по маркетинг во 2015 година со просечен успех 8,84. Насловот на магистерскиот труд гласи "Фактори кои што влијаат врз однесувањето на потрошувачите при избор на животно осигурување". Во 2016 година, на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, го пријавува својот докторски труд под наслов ,, "Фактори кои што влијаат врз однесувањето на потрошувачите при електронско купување во Република Северна Македонија" каде се стекнала со звање доктор по економски науки /насока Бизнис администрација.

**Професионлано работно искуство**

Професионалната кариера ја започнува во во 2013 година како службеник за логистика, и маркетинг во Никоб агенција за обезбедување . Во март 2016 година работи како продуцент на конференции низ Европа во Euroevents каде што ја организира Second Annual Claims Management Conference во Прага, Чешка.

Во 2017 преминува да работи како маркетинг и менаџмент специјалист за дигитален маркетинг во Cyberlink Media за на крајот следната година со надоградeното искуство да продолжи да работи како маркетинг менаџер во Nextgen.

Од октомври 2018 до август 2019 работи како специјалист за бизнис и продажба во Бизнис Тренинг Центарот Clearview Скопје каде што ја комплетира обуката за дигитален маркетинг и развива нови обуки како Marketing Messenger, Certified Digital Marketer програма, HR in the IT industry конференција.

Од август 2019 до декември 2020 година работи како специјалист за комуникации и маркетинг во Американска Комора на Македонија. Од Јауари 2021 до декември 2021 година се вработува како контент маркетер во Talen Three.

**Обуки, тренинзи и семинари**

Project for International Youth Exchange titled, Promoting a Healthy and Active Lifestyle in Talin, Estonia, 2005.

Project for International Youth titled, Promoting European Countries, 2006.

Обука за дигитален маркетинг во Clearview, бизнис тренинг центар, 2018.

Учество во работилница HR in the IT industry, 2018.

Подготовка на обука Messenger Marketing во Clearview Бизнис Тренинг Центар, 2018.

Подготовка на Certified Digital Marketer програма на корпоративно ниво со главен фокус на развивање на нови стратегии и тактики за реализација на кампањи, 2018.

Организација на Second Annual Claims Management Conference во Прага, Чешка, 2017.

2. **Наставно образовна дејност (НО)**

Во периодот додека е на постдипломски и докторски студии, д-р Бранка Денкова била вклучена во научно истражувачката работа на неколку меѓународни проекти каде имала можност да соработува и да размени искуства со врвни европски универзитети и научно-истражувачки институтции. Ова и овозможило вклучувајќи ја и истражувачката работа на нејзиниот магистерски труди и докторат стекнатите сознанија да ги презентира на соодветни меѓународни конференции и собири. Проектите на кои кандидатката била вклучена како соработник истражувач, како и учествата на меѓународни конференции и симпозиуми се дадени како што следува.

**3.Научно-истражувачка дејност (НИ)**

**Учество на научно истражувачки проекти:**

Project for Marketing Strategy Development for EUMMAS Global Promotion''. Responsible for conducting marketing researches, collecting information, project implementation, evaluation and analysis of project results in Bosnia.

"Sustainable Behavior of Female Consumers in The Area Of Clothing". It is realized between Matej Bel University in Banska Bystrica, Slovakia (represented by prof. Taborecka) & Mendel University in Brno, Czech Republic (represented by prof. Turcinkova). The project is now in the stage of data processing.

**Учество на меѓународни конференциии:**

**Автор:** Branka Denkova, Determinants Affecting Online Shopping Behavior in Life Insurance, International Conference on the Power of Knowledge Kavala, Greece, October 11-13, 2019

**Автор:** Branka Denkova, "The Influence of Perception and Motivation when Choosing a Life Insurance" Serbian Journal of Management and Acta Oeconomica Universitatis Selye, May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia

**Автор:** Denkova, Branka, Storing of the knowledge in the public sector, necessity for a successful state, (A case study in the Republic of Macedonia) at Fifth International Scientific Conference, September, 2017

**Автор:** PhD Бранка Денкова и PhD Јадранка Денкова, објавено во Second International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD, Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia, title: "Training and Expert Development Administration in North Macedonia basis for effective public administration"

**Автор:** Денкова Јадранка, Лазаревски Панде, Денкова Бранка (2018) *The importance of the new public management for efficient public administration.* In: Challenging the Status Quo in Management and Economics STRATEGICA International Academic Conference -Sixth Edition, 11-12 Oct 2018, Bucharest, Romania. ISBN 978-606-749-365-8 ISSN 2392–702X.

**Објавени трудови во научни списанија**

**Автор:** PhD Бранка Денкова, "Влијанието на Демографските Фактори при Електорнско Купување во Република Македонија", International Journal, 35(1), 239 - 243.

**Автор:** PhD Бранка Денкова, објавено во Serbian Journal of Management and Acta Oeconomica Universitatis Selye, наслов: "The Influence of Perception and Motivation when Choosing a Life Insurance" IMKSM2016 May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia, pp.30-38. ISBN 978-86-6305-042-6

**Автор:** PhD Јадранка Денкова and PhD Бранка Денкова, објавено во Serbian Journal of Management and Acta Oeconomica Universitatis Selye, title: "The Strategic Management of the Public Sector in the Republic of North Macedonia", IMKSM2016 May 28 – 30, 2016, Bor, Serbia, pp.350-355. ISBN 978-86-6305-042-6

**Автор:** PhD Бранка Денкова, објавено во Knowledge International Journal Institute of Knowledge Management, title: "The Impact of Learning and Knowledge on the Decision to Choose Life Insurance'', ISSN:2545-4439, vol.23.1, Budva, Montenegro, pp. 371

**Автор:** PhD Бранка Денкова објавено во Student's Social Science Journal in the Republic of Macedonia at the Faculty of Law Goce Delcev in Stip, title: "The Influence of Demographic Factors when Choosing a Life Insurance", year 2016

**Автор:** PhD Бранка Денкова International Journal of Technology Transfer and Commercialization, title: How Innovation in Life Insurance is Reshaping the Global Insurance Market – the Case of the Republic of North Macedonia. https://www.inderscience.com/info/inarticle.php?artid=104112

**Автор:** PhD Бранка Денкова i PhD Јадранка Денкова, објавено во Second International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD, Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia, title: "Training and Expert Development Administration in North Macedonia basis for effective public administration" ,ISBN: 978-608-244-314- 0, year 2016, language of publication Macedonian

**Автор:** PhD Бранка Денкова (2017), Fifth International Scientific Conference: Social change in the global world, title: Storing of the knowledge in the public sector, necessity for a successful state (A case study in the Republic of Macedonia). ISBN: 978-608-244-423-9, September, 2017

**Автор:** Јадранка Денкова, Сузана Џамтовска Здравковска, Бранка Денкова Fifth International Scientific Conference: Social change in the global world, Вонсудка контрала за работата на јавната администрација – Народен правобранител, September, 2018

**Автор:** Денкова Јадранка, Лазаревски Панде, Денкова Бранка (2018) *The importance of the new public management for efficient public administration.* In: Challenging the Status Quo in Management and Economics STRATEGICA International Academic Conference -Sixth Edition, 11-12 Oct 2018, Bucharest, Romania, ISBN 978-606-749-365-8 ISSN 2392–702X.

**Author:** Denkova, Branka (2017) at Fifth International Scientific Conference: Social change in the global world, title: Storing of the knowledge in the public sector, necessity for a successful state (A case study in the Republic of Macedonia). ISBN: 978-608-244-423-9, September, 2017.

Од горе наведеното може да се заклучи дека кандидатката има богата организациско-развојна дејност што се констатира преку нејзината активност како учесник на научни конференции во земјата и во странство како и учеството во проекти. Кандидатката има објавено голем број на трудови во научни списанија кои се регистрирани во релвантни бази на научни списанија.

**Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на Маркетинг, може да констатира дека кандидатката д-р Бранка Денкова Поповска ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатката д-р Бранка Денкова Поповска го има потребното искуство за избор во наставно звање виш предавач , има работно искуство во наставна и високообразовна дејност како и има објавено поголем број научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како виш предавач во областа на Маркетинг.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да ја избере кандидатката д-р Бранка Денкова Поповска во наставно звање виш предавач **од областа на Маркетинг** на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Теута Весели Куртиши, вонреден професор по маркетинг на УЈИЕ

2.Професор Неџби Весели, редовен професор на УЈИЕ

-----------------------------------

3.Професор Шеќеринка Ивановска, Редовен професор во пензија на МСУ Св. Николе

-----------------------------------